РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

REPUBLIC OF MACEDONIA
STATE STATISTICAL OFFICE

# БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД, 2008

# GROSS DOMESTIC PRODUCT, 2008

**СТАТИСТИЧКИ ПРЕГЛЕД:** ***Национална економија и финансии***
**STATISTICAL REVIEW:** ***National Economy and Finances***

**3.4.10.01**
**649**

**Скопје, мај 2010 / Skopje, May 2010**

**Издавач:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ул. "Даме Груев" бр.4, Скопје

**Publisher:**
STATE STATISTICAL OFFICE OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA, "Dame Gruev"- 4, Skopje

**Телефон/Phone:** +389/02/3295-600
**Факс/Fax:** +389/02/3111-336

**WEB-страница/WEB site**: http://www.stat.gov.mk

***Одговара:***
м-р Благица Новковска, директор

**Person responsible:**
M.Sc Blagica Novkovska, Director

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ**
**WHEN USING DATA CONTAINED HERE, PLEASE CITE THE SOURCE**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

31:330.55(497.7)"2008"
330.55(497.7)"2008"(083.41)

БРУТО-домашен производ, 2008 = Gross domestic product, 2008. - Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија = Skopje: State statistical office of the Republic of Macedonia, 2010. - 79 стр.: табели; 29 см. - (Статистички преглед / Државен завод за статистика на Република Македонија. Национална економија и финансии = Statistical review / State statistical office of the Republic of Macedonia, ISSN 0580-454X. National economy and finances, ISSN 1409-7036; 3.4.10.01(649))

Текст напоредно на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-197-92-5

а) Бруто-домашен производ - Македонија - 2008 - Статистика
COBISS.MK-ID 83841802

## ПРЕДГОВОР

Овој Статистички преглед е редовно годишно издание на Секторот за национални сметки од 2000 година.Тој содржи голем број табели со податоци класифицирани по дејности, во согласност со Националната класификација на дејностите, по институционални сектори, и според големината на деловните субјекти, како и податоци за расходните компоненти на бруто-домашниот производ по тековни и по постојани цени.

Табелите се обележани со соодветна ознака и се поделени во пет тематски делови: Серија М - Макроекономски табели во кои се презентирани макроекономски податоци; Серија П - Производство на стоки и на услуги, која содржи податоци за БДП пресметан според производниот метод; Серија У - Употреба на стоки и на услуги во која се прикажани податоци за трошочните компоненти на БДП пресметан според расходниот метод; Серија С - Волуменски индекси и имплицитни дефлатори, која содржи податоци за БДП пресметан по постојани цени; Серија Е - Постигнување на сеопфатност на БДП, во која се презентирани податоци кои се однесуваат на учеството на неопфатената (сива) економија во БДП.

Во оваа публикација, во најголем број од табелите се презентирани податоци за бруто-домашниот производ за 2008 година.

Сакаме да ги информираме корисниците дека при пресметката на податоците за бруто-домашниот производ за 2006, 2007 и 2008 година направени се методолошки промени и се разликуваат во споредба со претходно публикуваните за наведените години. Главна причина за промената на вредностите е методолошкото усогласување со Регулатива на Комисијата бр.1889/2002 за имплементирање на Регулативата на Советот бр. 448/98 за комплетирање и изменување на Регулативата на Советот бр.2226/96 во однос на алокацијата на финансиските услуги индиректно мерени и Регулатива на Комисијата бр.1722/ 2005 во однос на принципите за пресметување на импутираните станарини, а за потребите на Регулативата на Советот 1287/2003 за хармонизирање на бруто-националниот доход по пазарни цени.

Годишните податоци со оваа методолошка промена ќе бидат подготвени како серија и ќе бидат објавени во посебно соопштение за кое корисниците ќе бидат навремено информирани.

Сите забелешки и предлози во функција на подобрување на содржината на публикацијата ќе бидат прифатени со задоволство.

Скопје, мај 2010 година

Раководител на секторот
**м-р Верка Панова**

## PREFACE

This publication is a regular annual issue of the Sector of National Accounts. It contains a large number of tables with data classified by activities according to the National classification of economic activities, by institutional sectors and size of economic units and data on expenditure components of GDP at current and constant prices.

The tables are marked with appropriate signs in five thematic parts: Series M-Macroeconomic tables, in which macroeconomic data on GDP are presented; Series P- Goods and services production, which contains data on GDP calculated by production approach; Series U- Use of goods and services, in which the data on expenditure components of GDP calculated by expenditure approach are shown; Series C-Volume indices and implicit deflators, which contains data on GDP calculated at constant prices; Series E-Achieving exhaustiveness of GDP, in which data concerning the share of the non-observed (grey) economy are shown.

In this publication, most of the tables contain data on the Gross Domestic Product for 2008.

We would like to inform the users that in the preparation of the GDP data for 2008, 2007 and 2006 certain methodological changes were made and data differ in comparison with the published data for those years. The main reason for the changes is the methodological harmonization with Commission Regulation (EC) No 1889/ 2002 on the implementation of Council Regulation (EC) No 448/98 completing and amending Regulation (EC) No 2223/96 with respect to the allocation of financial intermediation services indirectly measured (FISIM) and with Commission Regulation (EC) No 1722/2005 on the principles for estimating dwelling services for the purpose of Council Regulation (EC, Euratom) No 1287/2003 on the harmonisation of gross national income at market prices.

With these methodological changes annual data will be prepared as a series and published in a special release, of which the users will be informed in a timely manner.

All remarks and suggestions aimed at improving the contents of this review would be greatly appreciated.

Skopje, May 2010

**Head of Sector**
**M.Sc Verka Panova**

# С О Д Р Ж И Н А

Страница


| | |
|---|---|
| Предговор | 3 |
| Вовед | 5 |
| Методолошки објаснувања | 9 |
| Бруто-домашен производ (производен метод) | 9 |
| Бруто-домашен производ (расходен метод) | 12 |
| СЕРИЈА М - Макроекономски табели | 23 |
| СЕРИЈА П - Производство на стоки и на услуги | 27 |
| СЕРИЈА У - Употреба на стоки и на услуги | 52 |
| СЕРИЈА С - Волуменски индекси и имплицитни дефлатори | 61 |
| СЕРИЈА Е - Постигнување на сеопфатност на БДП | 75 |


# C O N T E N T


| | |
|---|---|
| Preface | 3 |
| Introduction | 7 |
| Notes on methodology | 15 |
| Gross domestic product (production approach) | 15 |
| Gross domestic product (expenditure approach) | 18 |
| SERIES M - Macroeconomic tables | 23 |
| SERIES P - Goods and services production | 27 |
| SERIES U - Use of goods and services | 52 |
| SERIES C - Volume indicies and implicit deflators | 61 |
| SERIES E - Achieving the exhaustiveness of GDP | 75 |

## ВОВЕД

Во Државниот завод за статистика, во текот на 2000 година е направена поголема ревизија на податоците за пресметка на бруто-домашниот производ за периодот од 1997 до 1999 година со пососодветно имплементирање на принципите на Системот на економски сметки, ESA 1995 на Еуростат. Таа ревизија се однесуваше на:

- методолошки подобрувања на пресметката на производната и расходната страна на БДП;
- методолошки подобрувања за процена на неопфатената (сива) економија;
- примена на нови решенија за пресметка на волуменските индекси и ценовните дефлатори;
- интегрирање на податоците од Анкетата за работната сила во пресметката на БДП со што се постигнува поголем опфат на нерегистрираните економски активности;
- нови стандарди при анализата на податоците;
- примена на Националната класификација на дејностите која е целосно хармонизирана со класификацијата на ЕУ, NACE Rev.1.

Со имплементацијата на новите подобрени методолошки решенија во текот на 2000 година и начинот на прикажување на податоците, се овозможува поголема меѓународна споредливост при анализа на податоците.

Од 2005 година, при пресметката на бруто-домашниот производ, промената на залихите се пресметува на начин кој овозможува елиминирање на влијанието на цените.

Во 2010 година е извршена ревизија на податоците за бруто-домашниот производ за 2006, 2007 и 2008 поради имплементирањето на:

- Регулатива на Комисијата бр.1889/2002 за имплементирање на Регулативата на Советот бр. 448/98 за комплетирање и изменување на Регулативата на Советот бр.2226/96 во однос на алокацијата на финансиските услуги индиректно мерени;
- Регулатива на Комисијата бр.1722/ 2005 во однос на принципите за пресметување на импутираните станарини, а за потребите на Регулативата на Советот 1287/2003 за хармонизирање на бруто-националниот доход по пазарни цени;
- усогласувањето со ревидираните податоците во платниот биланс;
- методолошките подобрувања на пресметките на БДП по постојани цени и
- користењето на месечни податоци од платниот биланс за: извозот на стоки и на услуги и увозот на стоки и на услуги, месечни податоци за девизниот курс на доларот за добивање на годишните податоци.

Дел од банкарските услуги се плаќаат директно, но дел од финансиските услуги се вршат без експлицитно плаќање. Тој дел на услугите се вреднува индиректно. Во националните сметки тие се познати како финансиски услуги мерени индиректно (ФИСИМ). Банките плаќаат පониски стапки на камати отколку во случај кога тие на некого му позајмуваат пари и наплаќаат повисоки стапки на кредитите кои тие им ги одобруваат.

Во досегашните пресметки овие услуги беа пресметувани како разлика помеѓу примената и платената камата. Не беше направена алокација по сектори и по корисници на овие услуги и тие се искажуваа како меѓуфазна потрошувачка на ниво на вкупната економија.

Со цел подобрување во националните сметки во согласност со Регулативата на Комисијата бр. 1889/2002 (Commission Regulation (EC) No 1889/2002), од сите земји-членки на ЕУ се бараше да направат пресметки и алокација на финансиските услуги мерени индиректно помеѓу секторите - корисници на овие услуги, со употреба на референтна стапка дефинирана како "метод 1" во точката1(б) од Анексот 3 на Регулативата на Советот бр. 448/98 (Council Regulation (EC) No 448/98). Според новите пресметки, овие услуги по корисници не се искажуваат само како меѓуфазна потрошувачка, туку можат да бидат финална потрошувачка и извоз (увоз).

Како резултат на соработката со НБРМ, врз основа на расположливите податоци од НБРМ, во Државниот завод за статистика се направени пресметки и алокација на финансиските услуги мерени индиректно, по сектори и по корисници, во согласност со наведените регулативи на ЕУ. Пресметките се однесуваат за 2008 година, а податоците за 2006 и 2007 година се ревидирани според новите пресметки.

Пресметките на ФИСИМ се врз основа на следните главни податоци: референтна каматна стапка (интерна и екстерна референтна стапка); просечна состојба на депозити и кредити и пресмета на каматна стапка по сектори - корисници на овие услуги.

Алокацијата на делот од ФИСИМ, како меѓуфазна потрошувачка по активности, е направена според структурата на бруто-вредноста на производството.

Влијанието на алоцираниот ФИСИМ во бруто-домашниот производ е 1,07% во 2006, 1,11% во 2007 и 1,25% во 2008 година.

Пресметките на ФИСИМ не се однесуваат на Народната Банка на РМ. Бруто-вредноста на производството на НБРМ од 2006 година се пресметува како сума на трошоците (средства на вработените, амортизација, меѓуфазна потрошувачка, други даноци на производството минус други субвенции на производството). Според конвенцијата, бруто-вредноста на производството на НБРМ е алоцирана во меѓуфазната потрошувачка на банките.

Податоците за финалната потрошувачка на домаќинствата се ревидирани како резултат, пред сé, на примената на Регулатива на Комисијата бр.1889/2002 за имплементирање на Регулативата на Советот бр. 448/98 за комплетирање и изменување на Регулативата на Советот бр.2226/96 во однос на алокацијата на финансиските услуги мерени индиректно и Регулатива на Комисијата бр.1722/ 2005 во однос на принципите за пресметување на импутираните станарини, а за потребите на Регулативата на Советот 1287/2003 за хармонизирање на бруто-националниот доход по пазарни цени.

Дел од вкупниот ФИСИМ за првпат е алоциран во финалната потрошувачка на домаќинствата, во COICOP, подгрупа 12.6 Финансиски услуги, а неговото учество во БДП е 0.89% во 2006, 0.87% во 2007 и 0.99% во 2008 година.

Алокацијата на финансиските услуги мерени индиректно во непрофитните институции што им служат на домаќинствата и во финалната јавна потрошувачка имаше импликација на вредноста на финалната потрошувачка.

Методолошките подобрувања за пресметките на импутираните станарини произлегоа од примената и на погоре споменатите регулативи.

Влијанието на алокацијата на ФИСИМ во импутираните станарини има импликација врз промената на меѓуфазната потрошувачка и, соодветно, врз бруто-рентата која се пресметува според методот "user cost".

Со методолошките подобрувања за импутираните станарини, се примени годишна стапка од 2,5% на нето-вредноста на станбениот фонд на становите по тековни цени. Со тоа се промени податокот за нето-деловниот вишок при пресметките на импутираните станарини.

Овие методолошки усогласувања со меѓународните стандарди влијаеја на ревидирањето на податоците за финалната потрошувачка на домаќинствата имплицирајќи промена на податоците во COICOP, подгрупа 4.2 Импутирани станарини.

## INTRODUCTION

In the State Statistical Office, in 2000, an extensive revision was made to the data for calculation of GDP for the period from 1997 to 1999, by implementing more appropriately the principles of the European System of Accounts, ESA95, of EUROSTAT. This revision referred to:

- Methodological improvements to the calculations by production and expenditure approach of GDP;

- Methodological improvements to the estimations of exhaustiveness in the economy;

- Applying new methods for calculation of volume indicesand price deflators;

- Integration of data from the Labour Force Survey in the calculation of GDP, thereby achieving greater coverage of unreported economic activities;

- New standards in data analyzing;

- Applying the National Classification of Economic Activities that is fully harmonized with NACE, Rev.1 classification of the EU.

The implementation of the new improved methodological solutions in 2000 and the way of presenting the data enable greater international comparability when analyzing the data.

Since 2005, when estimating GDP, the calculation of changes in inventories is made in a manner that enables the elimination of holding gains/losses.

In 2010 a revision was made to the data for 2006, 2007 and 2008 due to the implementation of:

- Commission Regulation (EC) No 1889/2002 on the implementation of Council Regulation (EC) No 448/98 completing and amending Regulation (EC) No 2223/96 with respect to the allocation of financial intermediation services indirectly measured (FISIM);

- Commission Regulation (EC) No 1722/2005 on the principles for estimating dwelling services for the purpose of Council Regulation (EC, Euratom) No 1287/2003 on the harmonisation of gross national income at market prices;

- Harmonization with revised BoP data;

- Methodological improvements for calculations of GDP at constant prices;

- Using monthly data from the Balance of Payments for: export of goods and services and import of goods and services, as well as monthly data on the exchange rate of the US$ to obtain annual data.

Some of the banking services are paid directly, but part of the financial intermediation services are performed without explicit payment. That part of services is evaluated indirectly. These services in the National Accounts are known as Financial Intermediation Services Indirectly Measured (FISIM). The banks pay lower interest rates than in the case when they borrowed money and charge higher interest rates for the loans they approve.

Up to now, these services had been calculated as a difference between interest receivable and interest payable. These services were not allocated by sectors and users, and they were shown as an intermediate consumption at the level of total economy.

In order to improve the National Accounts in accordance with Commission Regulation No.1889/2002 all EU Member States are required to calculate and allocate the Financial Intermediation Services Indirectly Measured among user sectors, using the reference rate defined as "method 1" in point 1(b) of Annex III of the Council Regulation No.448/98. According to the new calculations these services can be shown not only as intermediate consumption by users, but also as final consumption and export (import)

As a result of the cooperation with NBRM, and on the basis of the available data provided by NBRM, the financial intermediation services indirectly measured have been calculated and allocated to sectors and users, in accordance with the EU Regulations that were mentioned above. The calculation refers to 2008, while the data for 2007 and 2006 have been revised according to the new calculation.

The calculation of FISIM is based on the following main items: the reference interest rate (Internal and External Reference Rate); the average stock of deposits and loans and the accrued interest rate by sectors and users of those services.

The allocation of the part of FISIM as an intermediate consumption by activities has been done according to the structure of gross output.

The effect of the allocated FISIM in the Gross Domestic Product was 1,07% in 2006, 1,11% in 2007 and 1,25% in 2008.

The calculation of FISIM does not refer to NBRM. Since 2006, the Gross output of NBRM has been calculated as a sum of costs (Compensation of employees, Depreciation, Intermediate consumption, Other taxes on production minus Other Subsidies on production). According to the Convention, the Gross output of NBRM has been allocated in the intermediate consumption of the banks.

Final household consumption data are revised first of all as a result of the implementation of Commission Regulation (EC) No 1889/2002 on the implementation of Council Regulation (EC) No 448/98 completing and amending Regulation (EC) No 2223/96 with respect to the allocation of financial intermediation services indirectly measured (FISIM) and with Commission Regulation (EC) No 1722/2005 on the principles for estimating dwelling services for the purpose of Council Regulation (EC, Euratom) No 1287/2003 on the harmonisation of gross national income at market prices.

A part of the total FISIM is for the first time allocated in Final household consumption, in COICOP, sub-group 12.6 Financial services, having a 0.89% share in GDP in 2006, 0.87% in 2007 and 0.99% in 2008.

The allocation of FISIM in NPISHs and General government final consumption had an implication to the value of Final consumption.

The methodological improvements for calculating the imputed rents derived from the implementation of the Regulations mentioned above.

The impact of the FISIM allocation in imputed rents has implications to the changes of intermediate consumption and also to the gross rent which is calculated by applying the user-cost method.

With the methodological improvements for imputed rents the annual rate of return of 2,5% was applied to the net value of the stock of owner-occupied dwellings at current prices. As result of this improvement the data on net operating surplus were changed when calculating imputed rents.

These methodological adjustments in accordance with the international standards affected the revision of data on Final household consumption, implicating changes of COICOP data, sub-group 4.2 Imputed rentals for housing.

## МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

### БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД (ПРОИЗВОДЕН МЕТОД)

**Извори на податоците**

За пресметките на бруто-домашниот производ се користени податоците од годишните сметки што се преземаат од Централниот регистар, податоците од годишните статистички истражувања, од Министерството за финансии, од Управата за јавни приходи и од други извори.

**Прикажување на податоците во табелите**

Податоците за изворите на додадената вредност и трошочната структура на бруто-домашниот производ по производен метод, по тековни цени, во табелите се прикажани по сектори и по потсектори, според класификацијата НКД Рев.1. Тие се пресметани на ниво на вкупна економија, на ниво на институционални сектори и потсектори и според големината на деловните субјекти.

Податоците по институционални сектори и по потсектори се дефинирани според препораките на Системот на национални сметки (СНС 93) и Европскиот систем на сметки (ЕСС 95 ), во зависност од видот на производството на институционалните единици и во зависност од нивната главна дејност и функциите кои ги извршуваат, а кои се земаат како показатели на нивното економско однесување, исто така, земајќи го предвид и начинот на управување.

Поради запазување на принципот на доверливост на податоците, во табелите каде што тие се прикажуваат по институционални сектори и по потсектори, за Финансискиот сектор се дадени податоци само на ниво на сектор. За секторот С.14 Домаќинства не е направена потсекторизација бидејќи не се располага со доволно податоци за да се дефинираат потсекторите. Според ЕСС ´95, за секторот С.15 Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата, не се врши расчленување на потсектори.

**Распределување на деловните субјекти според големината**

Распределувањето на деловните субјекти на големи, средни, мали и микро е извршено во согласност со критериумите од член 469 став 4 и член 470 од Законот за трговски друштва ("Сл. весник на РМ" бр. 50/2001, 84/2005).

**Микро субјект** се смета субјектот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето, ги задоволил следните два критериума:

- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа, да е до 10 работници;
- бруто-приходот што го остварил субјектот од кој било извор да не надминува 50.000 евра во денарска противвредност.

**Мал субјект** се смета субјектот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето, задоволил најмалку два од можните три следни критериуми:

- просечниот број на вработените, врз основа на часови на работа, да е до 50 работници;
- годишниот приход да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност, а вкупниот обрт да е помал од 2.000.000 евра во денарска противвредност;
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства во активата да е помала од 2.000.000 евра во денарска противвредност.

**Среден субјект** се смета субјектот кој во секоја од последните две пресметковни години, односно во првата година од работењето, задоволил најмалку два од можните три следни критериуми:

- просечниот број на вработени, врз основа на часови на работа, да е до 250 работници;
- годишниот приход да е помал од 10.000.000 евра во денарска противвредност;
- просечната вредност (на почетокот и на крајот на пресметковната година) на вкупните средства во активата да е помала од 11.000.000 евра во денарска противвредност.

Субјектите кои не се распределуваат во мали или средни субјекти, стекнуваат статус на **големи субјекти.**

**Големи субјекти**, без оглед на критериумите од овој член, се: Народната банка на Република Македонија, банките и другите финансиски организации, осигурителните и реосигурителните организации, државните органи и организации и фондовите и субјектите кои составуваат консолидирани годишни сметки.

**Дефиниции на основните категории**

**Бруто-домашен производ**

Бруто-домашниот производ (БДП) по пазарни цени е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и е збир на бруто-додадената вредност од одделните

институционални сектори или одделните дејности, по основни цени, плус данокот на додадена вредност и царините, минус субвенциите на производи (што не се распределени по дејности).

**Додадена вредност**

Бруто-додадената вредност по основни цени претставува основна категорија на бруто-домашниот производ и се дефинира како разлика меѓу бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.

**Бруто-вредност на производството**

Бруто-вредност на производството претставува вредност на произведените стоки и извршените услуги во текот на една година, независно дали тие во целост се продадени или дел од нив е ставен на залихи.

Вредноста на производството се состои од три вида на производство: пазарно производство, производство наменето за сопствена финална употреба и непазарно производство. Поради специфичниот карактер на одредени дејности, бруто-вредноста на производството се дефинира на различен начин.

Така, на пример, во трговијата, бруто-вредноста на производството претставува разлика помеѓу продажната и набавната вредност на продадената трговска стока, односно бруто-вредноста на производството е еднаква на бруто-маржата во оваа дејност.

Кај банкарско-финансиските институции, бруто-вредноста на производството е еднаква на збирот од приходите на банката добиени од вршење на банкарски услуги и пресметаната вредност на импутираните банкарски услуги кои се добиени како разлика помеѓу примените и платените камати.

Кај осигурителните друштва, бруто-вредноста на производството е еднаква на вредноста на пресметаните осигурителни услуги што се пресметуваат како разлика помеѓу приходите од премии за осигурување и останатите надоместоци за штети од осигурувањето.

Кај производителите на државни услуги и другите непазарни и непрофитни институции, бруто-вредноста на производството се пресметува како збир на меѓуфазната потрошувачка, амортизацијата, средствата на вработените и даноците на производство. Поради целта на нивното постоење и дејствување, производителите на непазарни услуги не остваруваат профит поради што, по дефиниција, нето-деловниот вишок е еднаков на нула.

**Меѓуфазна потрошувачка**

Меѓуфазната потрошувачка претставува вредност на производите и пазарните услуги што ги употребува производителот како инпути во процесот на производство, исклучувајќи ја потрошувачката на фиксен капитал, т.е. амортизацијата, со цел да се произведат други производи и услуги. Оваа категорија ја вклучува потрошувачката од тековните набавки, потрошувачката од залихите, како и потрошувачката на сопствените производи и услуги во текот на производствениот процес. Кај производителите на непазарни услуги, по дефиниција, вредноста на меѓуфазната потрошувачка е еднаква на вредноста на тековните набавки. Меѓуфазната потрошувачка се состои од потрошувачка на суровини, материјали и енергија, ситен инвентар, работна облека и резервни делови, трошоци за транспорт на вработените, авторски хонорари, дневници, трошоци за одвоен живот и разни други погодности што ги добиваат вработените, а кои се поврзани со вршењето на редовната дејност.

**Средства на вработените**

Средствата на вработените се дефинирани како вкупен износ на надоместоците во пари или во натура, исплатени од страна на претпријатието на вработените како надоместок за извршената работа во текот на пресметковниот период. Тие вклучуваат нето-плата, персонален данок од плата, придонеси од плата, надоместоци за храна, превоз, теренски додаток, регрес за годишен одмор и слични надоместоци на вработените.

**Деловен вишок**

Деловниот вишок е резидуална големина на додадената вредност и се добива кога додадената вредност ќе се намали за амортизацијата, средствата на вработените и даноците на производство. Деловниот вишок може да се пресмета во бруто-износ, доколку ја содржи амортизацијата, и како нето-износ, доколку е исклучена амортизацијата.

Деловниот вишок (доходот на самостојните вршители на дејност и индивидуалните земјоделски производители) претставува разлика помеѓу додадената вредност и нето-индиректните даноци и средствата на вработените во секторот Домаќинства. Бидејќи кај самостојните вршители на дејност и индивидуалните земјоделски производители постојат потешкотии во разграничувањето на платите на сопственикот и членовите на неговото семејство од остварениот вишок, оваа категорија, за разлика од деловниот вишок на претпријатијата, ги содржи и платите на сопствениците.

**Амортизација - потрошувачка на фиксен капитал**

Потрошувачката на фиксниот капитал во еден пресметковен период се дефинира како опаѓање на тековната вредност на основните средства на производителите, предизвикано од физичко трошење, нормално застарување и оштетување во несреќни случаи. При пресметката на бруто-домашниот

производ, вредноста на амортизацијата е пресметана врз основа на податоците од годишните пресметки на правните субјекти, а за секторот Домаќинства, вредноста на амортизацијата е проценета.

**Вработени и самовработени**

**Вкупната вработеност** е изразена според концептот на СНС 93 и ЕСС 95 и ги опфаќа сите лица, и вработени и самовработени, ангажирани во одделни производни активности кои припаѓаат на производната граница на системот.

Во категоријата **вработен**и влегуваат сите лица кои врз основа на договор работат за друга резидентна институционална единица и добиваат надомест регистриран во националните сметки како средства на вработените. Врз основа на оваа дефиниција, вкупниот број на вработени во националните сметки ги вклучува вработените според годишните пресметки на сите регистрирани правни лица, и одреден број на лица кои не се регистрирани, а нивниот број е проценет врз основа на Анкетата за работната сила.

**Самовработените** се дефинирани како лица кои се самостојни сопственици или партнери во некорпоративни претпријатија.

Врз основа на оваа дефиниција, во категоријата самовработени се вклучени: проценетиот број самостојни вршители на дејност, добиен врз основа на годишните пресметки, врз основа на податоците од Управата за јавни приходи, бројот на индивидуалните земјоделски производители кои плаќаат придонес за пензиско осигурување, според податоците на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, како и одреден број на лица кои немаат официјално регистрирана дејност, а се проценети врз основа на Анкетата за работната сила.

**Дефиниции на институционалните сектори**

Секторот Нефинансиски претпријатија (С.11) го сочинуваат сите институционални единици кои постојат како независни правни лица кои се пазарни производители и чија основна дејност е производство на стоки и нефинансиски услуги наменети за пазар.

Секторот Финансиски претпријатија (С.12) го сочинуваат сите претпријатија кои главно се занимаваат со финансиско посредување или со дополнителни финансиски активности кои се поврзани со финансиско посредување.

Секторот Држава (С.13) ги вклучува сите институционални единици кои се непазарни производители, чие производство е наменето за индивидуална и колективна потрошувачка и во најголем дел се финансираат од задолжителни јавни давачки од институционалните единици од другите сектори. Доколку повеќе од 50% од трошоците на производството се покриваат со приходите од продажба, а институционалната единица се контролира и финансира од страна на органите на централната или на локалната власт, тогаш институционалната единица е непазарен производител и припаѓа на секторот Држава.

Секторот Домаќинства (С.14) се состои од сите резидентни домаќинства дефинирани како институционални единици. Овој Сектор ги вклучува неинкорпорираните претпријатија и индивидуалните земјоделски производители кои се јавуваат и во функција на производител и во функција на потрошувач.

Секторот Непрофитни институции кои им служат на домаќинствата (С15) ги вклучува резидентните институционални единици кои обезбедуваат стоки и услуги за нивните членови и за членовите на други домаќинства, бесплатно или по цени кои не се со економско значење.

Нивни главни извори на финансирање се доброволните придонеси, членарините, трансферите од државниот буџет и доходот од сопственост.

**Корекции за постигнување на сеопфатност на БДП**

При пресметката на БДП по производен метод се вршат корекции на податоците добиени од разни извори со цел опфаќање на дел од неопфатената економија. Терминот “неопфатена економија“ се однесува на активности кои во согласност со методологијата ЕСС 95 се во производствената граница, но кои делумно или целосно не се вклучени во пресметките на БДП затоа што тие се нереално прикажани или не се опфатени со статистички или административни извори на кои се базираат националните сметки.

Мерењето на неопфатената економија вклучува идентификување на причините за неопфатност, поради што се преземаат дополнителни анализи со цел подобрување на сеопфатноста на процените за БДП. Идентификувањето и квантифицирањето на различните видови или причини за неопфатност е извршено во согласност со Прирачникот на ОЕЦД за неопфатената економија и табеларниот приод развиен од Европската статистика (Eurostat Tabular Approach).

Стандардните методи за постигнување на сеопфатноста се применети за серијата на податоци за периодот 1997-2007 година со користење на претходните Т1-Т8 табели според табеларниот приод на Еуростат (Пилот-проект за сеопфатност 1998-2000).

Процените за сеопфатноста за 2007 и 2008 година се направени врз основа на ревидираниот табеларен приод на Еуростат, табели Н1-Н7 (Пилот-проект за сеопфатност 2002-2003), за следните типови на неопфатената економија:

**Н1 Субјекти вклучени во легални активности кои избегнуваат да се регистрираат за да ги избегнат задолжителните плаќања на даноците и социјалните придонеси;**

Н2 Субјекти кои избегнуваат да се регистрираат бидејќи се вклучени во илегални активности;

Н3 Субјекти кои не се обврзани да се регистрираат бидејќи немаат пазарно производство. Тоа се непазарни домаќинства, производители на стоки за сопствена потрошувачка или за сопствена инвестиција за изградба и реконструкција на станови;

Н4 Регистрирани легални ентитети кои не се вклучени во статистиката поради различни причини (на пример, неажуриран статистички регистар или процедурата за ажурирање е несоодветна);

Н5 Регистрирани физички лица кои не мора да се вклучени во статистиката поради повеќе причини (на пример, регистрираните физички лица добиени од административните извори не мора секогаш да бидат вклучени во статистичкиот деловен регистар);

Н6 Нереално прикажување на податоците во годишните сметки со цел избегнување на плаќањето на данокот на добивка, ДДВ или социјалните придонеси. Нереалното прикажување вообичаено вклучува постоење на два сета на годишни сметки, плаќање на плати во готово кои се искажуваат во меѓуфазната потрошувачка, избегнување на плаќањето на ДДВ и сл.

Н7 Статистички недостаток на податоци.

При пресметките на бруто-домашниот производ извршени се корекции за следните типови на неопфатената економија и тоа: Н, Н3, Н5, Н6 и Н7.

Корекциите се направени поради прикривање на вредноста на продажбата, преценување на меѓуфазната потрошувачка, прикривање на вистинската вредност на исплатените плати поради евазија на данокот на додадена вредност, данокот на добивка, персоналниот данок и придонесите за социјално осигурување. За процена на нереално прикажаните плати се споредуваат податоците за нето-платите од годишните сметки со податоците од истражувањето за просечните плати и вработеноста

Заради избегнување на данокот на додадена вредност, трговските претпријатија избегнуваат да ги регистрираат продажбите во сметководството. Поради тоа, регистрираната продажба во годишните сметки е нереално прикажана. Корекцијата на продажбата на трговските стоки се базира на вкупната понуда и употреба на стоки кои поминуваат низ трговските канали. На вредноста на продажбите се применува соодветна трговска маржа. Разликата помеѓу добиената бруто-вредност за трговијата и пресметаната од годишните сметки е вредност на корекцијата.

Процената на вредноста на производството кое се однесува на градењето на куќи и други објекти во приватна сопственост, се врши врз база на податоците од Одделението за градежништво.

Корекцијата за нерегистрираните вработени се врши врз основа на споредбата на податоците за регистрираниот број на вработени од годишните сметки со оние добиени од Анкетата за работната сила.

Процената на нерегистрираните самовработени и вработени лица е врз основа на анализата на добиените релевантни податоци за секторот Домаќинства, од разни извори, и анализата на податоците што произлегуваат од Анкетата за работната сила, кои се сметаат за порелевантни на повисоко ниво.

Како резултат на коригираниот број на вработените, бруто-вредноста на производството и корекциите на маѓуфазната потрошувачка, се вршат корекции на додадената вредност.

Процените за постигнување на сеопфатност на БДП се вршат на деловните субјекти од секторот Нефинансиски претпријатија, секторот Домаќинства и секторот Држава.

**Годишна пресметка на БДП според производниот метод, по постојани цени**

При пресметките на БДП по постојани цени, секоја година се менува базната година, односно секоја претходна година се користи како базна година.

Во рамките на пресметките на БДП по постојани цени, во основа се користат следните методи: методот на единечна екстраполација, методот на двојна екстраполација и методот на единечна дефлација.

Кај методите на единечна и двојна екстраполација, дел од индексите на физичкиот обем кои се користат се пресметани од базните статистики, додека еден дел од нив се пресметуваат во соодветното одделение во Секторот за национални сметки.

При користење на методот на дефлација се користат соодветните индекси на цени.

Во некои од економските активности се користи индексот на вработените како индикатор за тие дејности.

## БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД (РАСХОДЕН МЕТОД)

**Пресметка на БДП според расходниот метод, по тековни цени**
**Извори и методи за прибирање на податоците**

Главните извори на податоци кои се користат за пресметка на трошочните агрегати на БДП, може да се класифицираат во следните групи:

- статистички истражувања кои ги спроведува Државниот завод за статистика;
- административни извори на податоци;
- податоци од Народната банка на Република Македонија;
- податоци од Министерството за финансии.

**Дефиниции на основните категории**

Бруто-домашниот производ според расходниот метод ја прикажува финалната употреба, т.е. потрошувачката на финални производи и услуги произведени во домашната економија за финална потрошувачка, бруто-инвестициите и нето-извозот на стоки и на услуги.

**Бруто-домашен производ**

= Финална потрошувачка + бруто-инвестиции + извоз - увоз.

**Трошоци за финална потрошувачка**

Трошоците за финална потрошувачка се составени од трошоци кои ги прават резидентните институционални единици за стоки и за услуги кои се употребуваат за директно задоволување на личните потреби или желби, како и на колективните потреби на членовите на заедницата. Трошоците за финална потрошувачка може да се направат на домашна територија или во странство.

***Финална потрошувачка***

= Финална потрошувачка на домаќинствата + финална потрошувачка на НПИСД + финална потрошувачка на државата.

**Трошоците за финална потрошувачка на домаќинствата** претставуваат набавка или стекнување на стоки и на услуги од страна на домаќинството за задоволување на потребите на членовите на тоа домаќинство. Финалната потрошувачка на домаќинствата е пресметана за резидентните домаќинства и претставува финална потрошувачка на домаќинствата според националниот концепт, прилагодена кон директните набавки на резидентните домаќинства во странство и директните набавки на нерезидентните домаќинства на домашниот пазар.

При пресметките на финалната потрошувачка на домаќинствата се користи Меѓународната класификација на производи и на услуги COICOP - Класификација на индивидуалната потрошувачка според намената.

Како извори на податоците при пресметката се користат податоците од статистичкото истражување Анкета за потрошувачката на домаќинствата, од годишните финансиски сметки на производителите на услуги од областа на образованието, здравството, социјалната заштита, податоци од Народната банка на Република Македонија, од други статистички истражувања што се спроведуваат во Државниот завод за статистика, од интерни документации на голем број претпријатија и сл.

**Трошоците за финална потрошувачка на државата** се составени од трошоци, вклучувајќи ги импутираните трошоци на државата вкупно, и тоа како за индивидуалната потрошувачка на производи и на услуги, така и за заедничката потрошувачка на услуги.

Овие трошоци може да се поделат на:

- трошоци на државата за индивидуална финална потрошувачка на стоки и на услуги;
- трошоци на државата за заедничка потрошувачка на услуги.

Трошоците за индивидуална потрошувачка на стоки и на услуги ги содржат плаќањата за непазарните државни услуги (образование, здравство, социјална заштита и сл.) и пазарните производи и услуги (фармацевтски и терапевтски производи и сл.).

Трошоците на државата за заедничка потрошувачка на услуги ги содржат трошоците за администрација, одбрана, економски, развојно-истражувачки и други непазарни државни услуги.

**Трошоците за финална потрошувачка на непрофитните институции кои им служат на домаќинствата** се составени од трошоци, вклучувајќи ги импутираните трошоци на резидентните НПИСД за индивидуална потрошувачка на производи и на услуги.

**Бруто-инвестиции**

**Инвестиции во основни средства**

Инвестициите во основни средства се мерат преку вкупната вредност на набавените минус отуѓените основни средства од производителот во текот на пресметковниот период, плус некои унапредувања на вредноста на непроизведените средства реализирани преку производната активност на институционалната единица.

За пресметка на инвестициите во машини и опрема се употребува методот на стоковни текови. Овој метод користи податоци од надворешната трговија (увозот и извозот на машини и на опрема) и податоци од домашното индустриско производство. Податоците за инвестициите од градежништвото,

како и податоците за други инвестиции кои ги опфаќаат инвестициите што имаат нематеријален карактер, се преземени од статистичкото истражување што го спроведува Државниот завод за статистика.

**Промена на залихите**

Промената на залихите претставува вредност на влезот на сите обртни средства во залихи минус вредноста на излезот на тие средства и вредноста на сите периодични загуби на стоки што се чуваат во залихи. Производите кои се внесуваат и изнесуваат од залихите имплицитно се третираат како да се продадени или набавени од залихи и се вреднуваат според истите цени како и фактичките продажби или набавки што се прават во истото тоа време.

**Извоз на стоки и на услуги**

**Извозот на стоки и на услуги** претставува продажба, бартер или подароци на стоки и на услуги од резиденти на нерезиденти.

**Увоз на стоки и на услуги**

**Увозот на стоки и на услуги** претставува набавка, бартер или подароци на стоки и на услуги на резиденти од нерезиденти.

Извозот и увозот на стоки се вреднувани по принципот ФОБ.

***Набавки на нерезидентите во земјата***

**Набавките на нерезидентите во земјата** ги опфаќаат набавките од страна на меѓународните организации, амбасадите и дипломатските претставништва, како и туристичките набавки од страна на нерезидентите. Нерезидентната потрошувачка се пресметува врз база на Анкетата за нерезидентната потрошувачка што ја спроведува Државниот завод за статистика. Вредноста ја претставува разликата меѓу услугите од приливот на туризмот во билансот на плаќање и пресметките направени во Државниот завод за статистика.

**Пресметка на БДП според расходниот метод, по постојани цени**

Пресметките за агрегатите на употребата на бруто-домашниот производ (финална потрошувачка, бруто-инвестиции, извоз и увоз на стоки и на услуги), по постојани цени, се направени со метод на дефлација и притоа се користени соодветни дефлатори (ценовни индекси) за секој од агрегатите на употребата на бруто-домашниот производ.

Со цел да се усогласат пресметките на јавната потрошувачка по постојани цени со дел од одделите кои влегуваат во пресметките на БДП според производниот метод, по постојани цени, кај пресметката на јавната потрошувачка, покрај методот на дефлација, се користи и методот на екстраполација.

Од така дефлационираните вредности на агрегатите на употребата на БДП, пресметани според расходниот метод, се пресметуваат волуменските индекси кои се користат за екстраполација на вредностите на трошочните агрегати од соодветната референтна година.

## NOTES ON METHODOLOGY

### GROSS DOMESTIC PRODUCT (PRODUCTION APPROACH)

**Data source**

Data sources used for GDP calculations are the annual financial reports from the Central Register, data from the annual statistical surveys, data from the Ministry of Finance, the Public Revenue Office and other sources.

**Data presentation**

Data for the sources of Value Added and the cost structure of the GDP by production approach and at current prices are shown in the tables by sections and subsections according to the NACE Rev.1 classification. Calculations are made at the level of the whole economy, at the level of institutional sectors and subsectors and by the size of the enterprises.

Institutional sectors and subsectors are defined according to the recommendations in SNA'93 and ESA'95, depending on the kind of production, on their main activity and their functions, which are an indicator of their economic behavior, keeping also in mind the manner of managing the enterprises.

Because of data confidentiality, the data for the Financial Sector in the tables by institutional sectors and subsectors are shown only at the sector level. Subsectorization for the Sector S.14 Households is not made because the subsectors cannot be defined due to lack of data. Sector S.15 Non-profit Institutions Serving Households, according to ESA'95, cannot be divided into subsectors.

**Classification of enterprises according to their size**

The enterprises, according to the criteria laid down in article 469 paragraph 4 and article 470 of the Trade Company Law, are classified into large, medium, small-scale and micro enterprises.

**Micro-sized enterprise** is the enterprise which has met the following two criteria in each of the last two accounting years or in the first year of business activity:

- The average number of employees, based on the working hours, is not more than 10 employees;
- The annual revenue is less than 50000 Euros in Denar counter-value;

